12.11.2026

ЕХО
Диригент: Сами Рашид (Франција)
Солист: Давид Хрикули, пијано (Грузија)

Програма:
С. Рахмањинов: Концерт за пијано и оркестар бр. 2 во c-moll, оп. 18
– Moderato
– Adagio sostenuto
– Allegro scherzando

-пауза-

А. Брукнер: Симфонија бр. 4 во Ес-дур, WAB 104 („Романтична“)
– Allegro molto moderato
– Andante
– Scherzo
– Finale

За сезоната 2025/26, францускиот диригент Сами Рашид ја започнува својата трета година како асистент диригент на Бостонскиот симфониски оркестар, под раководство на музичкиот директор Андрис Нелсонс. По својот впечатлив дебитантски настап во Тенглвуд во 2025 година, заедно со виолинистката Мидори, Рашид продолжува интензивно да соработува со оркестарот.
Меѓу значајните настапи се издвојува неговото ненадејно преземање на диригентската палка од Андрис Нелсонс на концерт во Symphony Hall, со сопранистката Рене Флеминг како солистка. Во 2026 година настапува со Jo-Jo Ma во Тенглвуд, а во ноември 2025 година диригира и на дополнителни претплатнички концерти во Symphony Hall, со виолончелистот Пабло Ферандец. Овие настапи го потврдуваат неговото значајно уметничко присуство, паралелно со неговата функција како асистент диригент.
Сезоната носи и низа значајни дебитанти и гостувања. Рашид за првпат ќе настапи како гостин диригент со оркестри како Ротердамската филхармонија, Бриселската филхармонија, Хамбуршките симфоничари, Националниот оркестар на Лил и Оркестарот „Гулбенкијан“, каде што како солистка ќе настапи пијанистката Лиз де ла Сал. Со неа ќе продолжи соработката и на последователна турнеја, која повторно ќе ги однесе во Филхармонијата на Јужна Холандија.
Рашид повторно ќе настапи и со Оуклендската филхармонија, како и во Националната опера на Рајна, каде што ќе ја диригира целосната продукција на операта „Le Roi d'Ys“ од Едуар Лало.
Меѓу врвните моменти на сезоната е и неговиот дебитантски настап во Кина, каде што ќе диригира со Симфонискиот оркестар на Сужоу.

Роден во Грузија, во 2001 година, пијанистот Давид Хрикули се издвојува како еден од најперспективните уметници од својата генерација. Студира кај Станислав Јуденич на Високата школа за музика „Кралица Софија“ во Мадрид, каде што претходно се усовршувал кај Галина Егуиазарова. Во моментов студира во рамките на Пијано-катедрата „Banco Santander“ и е стипендист на Фондацијата „Хаиме Кастељанос“ и на Фондацијата „Албениц“. Во 2022 година ја добива Дипломата за најистакнат студент на својата катедра, која му ја врачува Нејзиното Височество кралицата Софија.

Хрикули беше финалист на Меѓународниот пијано-натпревар „Шопен“ во 2025 година, каде што неговите настапи привлекоа исклучително внимание и кај жирито и кај публиката, стекнувајќи признание што ги надмина конечните резултати од натпреварот.
Добитник на награди на бројни меѓународни натпревари, Хрикиули ја освои првата награда на Меѓународниот натпревар за пијано и оркестар во Канту, Италија, во 2024 година, како и првата награда и Наградата на публиката на Меѓународниот пијано-натпревар во Виго, Шпанија.

Меѓу неговите претходни признанија се издвојуваат првата награда и специјалната награда на Меѓународниот натпревар во Архус, Данска; првата награда на Националниот пијано-натпревар „Шопен“ во Тбилиси, Грузија; како и награди на Меѓународниот телевизиски натпревар „Оревокршачка“ во Русија, „Astana Piano Passion“ во Казахстан и Меѓународниот натпревар за млади пијанисти „Артур Рубинштајн“ во Кина.
Хрикули започнал да изучува пијано на осумгодишна возраст во Централното музичко училиште за талентирани деца „Закарија Палијашвили“ во Тбилиси, а подоцна го продолжил своето музичко образование кај Реваз Тавадзе. Учествувал на мајсторски курсеви со еминентни пијанисти, меѓу кои Арие Варди, Нелсон Фреире, Елизабет Леонскаја, Роберт Левин и Андраш Шиф, како и со други истакнати музичари.

Како солист настапувал со Грузиската филхармонија, Израелската камерна филхармонија и Израелската филхармонија, како и со Московската филхармонија, а одржувал и солистички рецитали и концерти на камерна музика низ Европа.

Како студент на Високата школа за музика „Кралица Софија“, учествувал во концертната серија „La Generación Ascendente“ во Мадрид и во „AlEnRUTa-Clásicos“ во Албасете. Бил и член на ансамблите „Schumann Trio“, „Ravel Duo“ и „Austrias Trio“.
Неговата неодамнешна уметничка активност го однесе на турнеја во Полска, каде што настапи во Торун, Краков и Познањ, како и со Полскиот национален радиосимфониски оркестар, Националниот форум за музика во Вроцлав и Краковската филхармонија.
Во периодот што следува, Хрикули ќе настапи во Националниот аудиториум за музика во Мадрид, повторно ќе гостува на Мајорка, а ќе го има и својот дебитантски настап во Берлин.

Концерт за пијано и оркестар бр. 2 во це-мол, оп. 18
СЕРГЕЈ РАХМАЊИНОВ
(1 април 1873, Стараја Руса, Русија – 28 март 1943, Калифорнија, САД)
Премиера: Целосната премиера на делото била одржана на 9 ноември 1901 година во Москва. Рахмањинов настапил како солист на пијано заедно со Московското филхармониско друштво, а диригент бил Александар Зилоти, негов братучед и близок соработник.

Еден од најголемите руски композитори Сергеј Рахмањинов се смета и за најголемиот пијанист на целиот XX век, бидејќи поседувал легендарни технички можности и истакнато чувство за ритам. Неговите долги прсти покривале 13 интервали на клавијатурата. Затоа и неговите дела за пијано играат голема улога во класичната музика, со оглед на неговата огромна посветеност да ја развие пијанистичката техника на едно повисоко ниво.
Создал четири клавирски концерти, но и три симфонии, три опери, клавирски сонати, 24 прелудиуми, хорски дела... Под влијание на Шопен и на Лист, неговото творештво стилски се врзува за периодот на доцниот романтизам. Роден е во Русија, студирал на Московскиот конзерваториум и се прославил во својата земја. Во 1909 година прв пат заминал во САД. Руската револуција во 1917 година не му се допаднала, па оттогаш живеел во САД и во Швајцарија, а починал во Калифорнија. Неговите дела се опишани како длабоко емоционални и сентиментални и иако не им се допаѓале на неговите современици, сметајќи го Рахмањинов за саможивен меланхолик, со техничка вештина и мелодичност во творбите, но без вистинска музичка важност, сепак, за другите, тој е неверојатно талентирана и креативна личност и претставува важен мост помеѓу импресионизмот и футуризмот. Сепак, критиките кај него оставале немили траги. На пример, неговата Симфонија бр. 1 (1896) била уништена токму од критичарите. За Рахмањинов тоа било очајно, и заедно со стресот што му го приредила црквата противејќи се на неговата женидба со својата роднина Наталија го довело композиторот до, народски кажано, нервен слом. Во тој период малку создавал, но посетувал часови по автосугестивна терапија кај психологот Николај Дал. Набргу ја вратил самодовербата и тогаш ќе го создаде прочуениот Концерт за пијано и оркестар бр. 2 (1901) кој му го посветил токму на д-р Дал. Ова дело изобилува со мелодии што оставаат без здив и уште од самата премиера (прво биле изведени вториот и третиот став, а една година подоцна и првиот со композиторот како солист) па сè до денес ќе остане најпопуларната творба од опусот на Рахмањинов. Има впечатлив почеток – силни пијано-акорди кои тензично ја воведуваат страсната тема која, пак, се јавува кај гудачите. Споредната тема ја носи пијаното и лирската мисла силно се развива, за повторно да се смири. Главната тема се враќа на крајот како полетен марш, додека оркестарот ја придружува со „руски“ карактер. Вториот став се смета за типично рахмањиновска страсна елегија. Почнува со серија бавни акорди кај гудачите, а пијаното потоа доаѓа свирејќи мотив од „Романса“ од делото „Две пиеси за шест раце“. Главната тема ја носи флејтата, пред да се развие кај кларинетот. Овде е присутна делница за солистот која е импресивна. Финалето, пак, зрачи со полна и полетна сила, со огнена игрива тема што минува низ разни преобразби, а ѝ се придружува втора лирска тема што води до вистински химничен крај. Вториот концерт за клавир на Рахмањинов, всушност, изобилува со богатство од музички идеи што медитираат околу една мелодиска основа, нешто што ќе биде присутно и во неговите симфонии.

Симфонија бр. 4 во Ес-дур, WAB 104 („Романтична“)
АНТОН БРУКНЕР
(4 септември 1824, Ансфелден, Австрија – 11 октомври 1896, Виена, Австрија)
Премиера: Верзијата од 1878/1880, со ново скерцо и ново финале, ја доживеала премиерата во Виена на 20 февруари 1881 година, со Виенската филхармонија, под диригентство на Ханс Рихтер

Симфонијата бр. 4 во Ес-дур, WAB 104, од Антон Брукнер, позната под називот „Романтична“, е едно од неговите најпознати и најизведувани симфониски дела. Компонирана во 1874 година, симфонијата во текот на следните години претрпела повеќекратни и суштински преработки, што резултирало со неколку различни авторски верзии. Верзијата од 1874 година, првата целосна верзија на делото, никогаш не била изведена за време на животот на Брукнер.
Називот „Романтична“ му припаѓа на самиот Брукнер. Тој ја поврзувал симфонијата со поетиката на романтизмот, а во подоцнежни сведоштва дал и конкретни програмски асоцијации за нејзините ставови: будењето на денот и повикот на хорната во првиот став, песната и молитвата во вториот, ловот во третиот и завршното музичко заокружување на целината во финалето. Оттука, „романтичноста“ на делото не треба да се сфати како фиксирана програмска приказна, туку како збир од поетски и звучни асоцијации што Брукнер самиот ги користел за да го опише неговиот музички свет.
Брукнер ја започнал работата на симфонијата на 2 јануари 1874 година, а првата верзија ја завршил на 22 ноември истата година. Таа првично имала четири става, но нејзиниот трет став бил различен од познатото „ловечко скерцо“ што денес најчесто се поврзува со делото. По неуспешните обиди да обезбеди изведба, Брукнер во 1878 година пристапил кон темелна ревизија. Ги преработил првите два става, го заменил оригиналното скерцо со ново „ловечко скерцо“ (Jagd-Scherzo), а првичното финале го заменил со ново финале со наслов „Volksfest“ („Народна свеченост“).
Но и оваа верзија не била конечна. Во периодот од крајот на 1879 до јуни 1880 година Брукнер компонирал ново финале, со што ја создал верзијата од 1878/1880. Новото финале го заменило „Volksfest“ финалето и, иако се надоврзува на тематски материјал од претходната верзија, претставува ново композициско обликување. Токму оваа верзија била изведена на премиерата во Виена, на 20 февруари 1881 година.

Историјата на делото, сепак, не завршува со премиерата. Брукнер продолжил да интервенира во партитурата и по првата изведба, а подоцна ја подготвил и верзијата од 1888 година, наменета за објавување. Оттука, кога се зборува за „Четвртата симфонија“, неопходно е да се има предвид дека не постои само една авторска текстуална состојба. Во современата брукнеровска практика особено се разликуваат верзиите од 1874, 1878/1880, 1881, 1886 и 1888 година, како и различните изданија засновани врз нив.

Првиот став се отвора со прочуениот сигнал на хорната, поставен над тивка, треперлива фактура на гудачите. Овој почеток е еден од најкарактеристичните моменти во Брукнеровото симфониско творештво и подоцна самиот композитор го поврзувал со најавата на денот. Од почетниот сигнал постепено се развива широката симфониска структура, во која тематскиот материјал се појавува во јасно профилирани целини и се подложува на постепена акумулација и трансформација.

Брукнеровото симфониско мислење се карактеризира со големи формални пространства и со специфичен начин на градење преку постепено зголемување на звучната и тематската енергија. Наместо постојана тематска полифонизација или непрекинато мотивско преплетување, карактеристично за Брамс, Брукнер често гради со поставување тематски блокови, нивно повторно појавување, проширување и кулминациско поврзување. Формата се развива со постепено акумулирање на напнатоста, а оркестарската звучност служи за монументализирање на тие формални процеси.

Вториот став, Andante quasi allegretto, е во це-мол и има елегичен, сериозен карактер. Неговата музичка атмосфера може да се поврзе со молитва, песна и серенада, како што самиот Брукнер сугерирал во своите подоцнежни програмски забелешки. Ставот се движи меѓу интимни, лирски пасажи и поширoки кулминациски подеми, при што неговата драматургија се темели повеќе на постепено продлабочување на изразот отколку на нагли контрасти.

Третиот став во верзијата од 1878/1880 е прочуеното „ловечко скерцо“ (Jagd-Scherzo). Со истакнатата улога на хорните и со ритмичкиот карактер на ловечкиот повик, тој претставува еден од најјасните примери на жанровска и звучна стилизација во Брукнеровото симфониско творештво. Триото внесува контрастна, поинтимна и рустикална атмосфера. Брукнер подоцна го поврзувал со слика на ловечка гозба во шумата, со што му дал и конкретна програмска асоцијација.

Финалето во верзијата од 1880 година претставува кулминациска точка на симфонискиот процес. Иако користи дел од тематскиот материјал поврзан со претходната верзија, Брукнер го преобликува во нова драматуршка и формална целина. Како и во првиот став, неговиот развој се темели на постепено зголемување на звучната енергија и на враќање и трансформација на претходно воспоставениот тематски материјал. Во завршната кулминација се враќа и почетниот свет на хорната, со што се воспоставува силна циклична врска меѓу почетокот и крајот на симфонијата.

Брукнеровата програмска имагинација околу делото е особено значајна за разбирањето на неговиот поим „романтично“. Во писмо до диригентот Херман Леви од 1884 година, композиторот првиот став го опишува преку сликата на утринското будење и хорната што го најавува денот, вториот како песна, третиот како ловечко трио, а целокупниот свет на делото го населува со природни и секојдневни слики. Во подоцнежно писмо до писателот Пол Хајзе повторно го поврзува првиот став со утринскиот повик на хорната, вториот со песна, молитва и серенада, а третиот со ловот и музиката на ловците во шумата.

Овие програмски асоцијации, сепак, не претставуваат детален или обврзувачки „наратив“ што музиката треба буквално да го следи. Тие се, пред сè, поетски објаснувања на звучниот и емоционалниот свет на симфонијата. Оттука, „Романтична“ е соодветно име за дело во кое природата, ловот, средновековниот пејзаж и духовната атмосфера се преобразени во монументална апстрактна симфониска форма.

Четвртата симфонија денес зазема централно место во Брукнеровиот симфониски опус. Нејзината историја на повеќекратни преработки истовремено сведочи за компо**зиторовата постојана самокритичност и за сложениот проблем на авторската верзија во изведбената и издавачката традиција на неговите дела.**

Текстови: Тина Иванова, музиколог

СЛЕДНА ПРОГРАМА:
26.11.2026
ЗАРАТУСТРА
Диригент:
Конрад ван Алфен (Холандија)
Солист:
Матилда Лојд, труба (Велика Британија)
Програма:
А. Арутјуњан: Концерт за труба и оркестар во Ас-дур
Р. Штраус: Тонска поема „Така зборуваше Заратустра“, оп. 30

12.11.2026
JEHONË
Dirigjent: Sami Rashid (Francë)
Solist: David Khrikuli, piano (Gjeorgji)
Programi:
S. Rahmaninov: Koncert për piano dhe orkestër nr. 2 në do minor, op. 18
– Moderato
– Adagio sostenuto
– Allegro scherzando
– pushim –
A. Brukner: Simfonia nr. 4 në mi bemol maxhor, WAB 104 („Romantike“)
– Allegro molto moderato
– Andante
– Scherzo
– Finale

Për sezonin 2025/26, dirigjenti francez Sami Rashid nis vitin e tij të tretë si asistentdirigjent i Orkestrës Simfonike të Bostonit, nën drejtimin e drejtorit muzikor Andris Nelsons. Pas debutimit të tij mbresëlënës në Tanglewood në vitin 2025, së bashku me violinisten Midori, Rashid vazhdon bashkëpunimin intensiv me orkestrën.
Ndër paraqitjet e rëndësishme spikat zëvendësimi i papritur i Andris Nelsonsit në podiumin e dirigjentit gjatë një koncerti në Symphony Hall, me sopranon Renée Fleming si soliste. Në vitin 2026 paraqitet me Yo-Yo Ma në Tanglewood, ndërsa në nëntor të vitit 2025 dirigjon edhe koncerte të tjera të ciklit me abonim në Symphony Hall, me violonçelistin Pablo Ferrández. Këto paraqitje konfirmojnë praninë e tij të rëndësishme artistike, krahas detyrës së tij si asistentdirigjent.
Sezoni sjell gjithashtu një varg debutimesh dhe paraqitjesh të rëndësishme si i ftuar. Rashid do të paraqitet për herë të parë si dirigjent i ftuar me orkestra si Filarmonia e Roterdamit, Filarmonia e Brukselit, Orkestra Simfonike e Hamburgut, Orkestra Kombëtare e Lilës dhe Orkestra „Gulbenkian“, ku si soliste do të paraqitet pianistja Lise de la Salle. Bashkëpunimi me të do të vazhdojë edhe në një turne pasues, që do t'i çojë sërish te Filarmonia e Holandës së Jugut.
Rashid do të paraqitet sërish edhe me Filarmoninë e Aucklandit, si dhe në Operën Kombëtare të Rinit, ku do të dirigjojë produksionin e plotë të operës „Le Roi d'Ys“ të Édouard Lalos.
Ndër momentet kulmore të sezonit është edhe debutimi i tij në Kinë, ku do të dirigjojë Orkestrën Simfonike të Suzhout.
I lindur në Gjeorgji në vitin 2001, pianisti David Khrikuli shquhet si një nga artistët më premtues të brezit të tij. Studion me Stanislav Yudenich në Shkollën e Lartë të Muzikës „Mbretëresha Sofia“ në Madrid, ku më parë është përsosur me Galina Eguiazarovën. Aktualisht studion në Katedrën e Pianos „Banco Santander“ dhe është bursist i Fondacionit „Jaime Castellanos“ dhe i Fondacionit „Albéniz“. Në vitin 2022 merr Diplomën e studentit më të dalluar të katedrës së tij, të cilën ia dorëzon Madhëria e Saj, Mbretëresha Sofia.
Khrikuli ishte finalist në Konkursin Ndërkombëtar të Pianos „Chopin“ në vitin 2025, ku interpretimet e tij tërhoqën vëmendje të jashtëzakonshme si nga juria, ashtu edhe nga publiku, duke fituar një vlerësim që tejkaloi rezultatet përfundimtare të konkursit.

Fitues çmimesh në shumë konkurse ndërkombëtare, Khrikuli fitoi çmimin e parë në Konkursin Ndërkombëtar për Piano dhe Orkestër në Cantù të Italisë në vitin 2024, si dhe çmimin e parë dhe Çmimin e Publikut në Konkursin Ndërkombëtar të Pianos në Vigo të Spanjës.

Ndër vlerësimet e tij të mëparshme spikasin çmimi i parë dhe çmimi special në Konkursin Ndërkombëtar në Aarhus të Danimarkës; çmimi i parë në Konkursin Kombëtar të Pianos „Chopin“ në Tbilisi të Gjeorgjisë; si dhe çmime në Konkursin Ndërkombëtar Televiziv „Arrëthyesi“ në Rusi, „Astana Piano Passion“ në Kazakistan dhe Konkursin Ndërkombëtar për Pianistë të Rinj „Arthur Rubinstein“ në Kinë.

Khrikuli filloi të mësonte piano në moshën tetëvjeçare në Shkollën Qendrore të Muzikës për Fëmijë të Talentuar „Zakaria Paliashvili“ në Tbilisi, ndërsa më vonë e vazhdoi arsimimin muzikor me Revaz Tavadzen. Ka marrë pjesë në kurse mjeshtërie me pianistë eminentë, ndër të cilët Arie Vardi, Nelson Freire, Elisabeth Leonskaja, Robert Levin dhe András Schiff, si dhe me muzikantë të tjerë të shquar.
Si solist është paraqitur me Filarmoninë e Gjeorgjisë, Filarmoninë e Dhomës të Izraelit dhe Filarmoninë e Izraelit, si dhe me Filarmoninë e Moskës, ndërsa ka mbajtur edhe recitale solistike dhe koncerte të muzikës së dhomës nëpër Evropë.

Si student i Shkollës së Lartë të Muzikës „Mbretëresha Sofia“, ka marrë pjesë në ciklin e koncerteve „La Generación Ascendente“ në Madrid dhe në „AIEnRUTa-Clásicos“ në Albacete. Ka qenë gjithashtu anëtar i ansambleve „Schumann Trio“, „Ravel Duo“ dhe „Austrias Trio“.
Veprimtaria e tij e fundit artistike e çoi në një turne në Poloni, ku u paraqit në Toruń, Kraków dhe Poznań, si dhe me Orkestrën Simfonike Kombëtare të Radios Polake, Forumin Kombëtar të Muzikës në Wrocław dhe Filarmoninë e Krakówit.
Në periudhën në vijim, Khrikuli do të paraqitet në Auditorin Kombëtar të Muzikës në Madrid, do të rikthehet si i ftuar në Majorkë dhe do të debutojë në Berlin.

Koncert për piano dhe orkestër nr. 2 në do minor, op. 18
SERGEJ RAHMANINOV
(1 prill 1873, Staraja Rusa, Rusi – 28 mars 1943, Kaliforni, SHBA)
Premiera: Premiera e plotë e veprës u mbajt më 9 nëntor 1901 në Moskë. Rahmaninovi u paraqit si solist në piano së bashku me Shoqërinë Filarmonike të Moskës, ndërsa dirigjent ishte Aleksandër Ziloti, kushëriri dhe bashkëpunëtori i tij i afërt.

Një nga kompozitorët më të mëdhenj rusë, Sergej Rahmaninov, konsiderohet edhe pianisti më i madh i mbarë shekullit XX, pasi zotëronte aftësi teknike legjendare dhe një ndjesi të jashtëzakonshme të ritmit. Gishtat e tij të gjatë mbulonin 13 intervale në tastierë. Prandaj edhe veprat e tij për piano luajnë një rol të madh në muzikën klasike, duke pasur parasysh përkushtimin e tij të jashtëzakonshëm për ta ngritur teknikën pianistike në një nivel më të lartë. Krijoi katër koncerte për piano, por edhe tri simfoni, tri opera, sonata për piano, 24 prelude, vepra korale... Nën ndikimin e Chopinit dhe Lisztit, krijimtaria e tij lidhet stilistikisht me periudhën e romantizmit të vonë. Lindi në Rusi, studioi në Konservatorin e Moskës dhe fitoi famë në vendin e tij. Në vitin 1909 udhëtoi për herë të parë në SHBA. Revolucioni Rus i vitit 1917 nuk i pëlqeu, ndaj që prej asaj kohe jetoi në SHBA dhe në Zvicër, ndërsa vdiq në Kaliforni.
Veprat e tij përshkruhen si thellësisht emocionale dhe sentimentale. Edhe pse nuk u pëlqenin disa bashkëkohësve të tij, të cilët e konsideronin Rahmaninovin një melankolik të përqendruar te vetja, me mjeshtëri teknike dhe melodiozitet në krijime, por pa rëndësi të mirëfilltë muzikore, për të tjerët ai është një personalitet jashtëzakonisht i talentuar dhe krijues, që përfaqëson një urë të rëndësishme mes impresionizmit dhe futurizmit. Megjithatë, kritikat linin tek ai gjurmë të dhimbshme. Për shembull, Simfonia e tij nr. 1 (1896) u shkatërrua pikërisht nga kritikët. Për Rahmaninovin kjo ishte dëshpëruese dhe, së bashku me stresin që i shkaktoi kisha duke kundërshtuar martesën e tij me kushërirën Natalia, e çoi kompozitorin në atë që, në gjuhën e përditshme, quhet krizë nervore.
Në atë periudhë krijonte pak, por ndiqte seanca të terapisë autosugjestive te psikologu Nikolaj Dal. Shpejt e rifitoi vetëbesimin dhe atëherë krijoi të famshmin Koncert për piano dhe orkestër nr. 2 (1901), të cilin ia kushtoi pikërisht dr. Dalit. Kjo vepër është e mbushur me melodi që të lënë pa frymë dhe, që nga premiera e saj — fillimisht u interpretuan koha e dytë dhe e tretë, ndërsa një vit më vonë edhe e para, me kompozitorin si solist — e deri më sot, mbetet krijimi më i popullarizuar i opusit të Rahmaninovit. Ka një fillim mbresëlënës: akorde të fuqishme të pianos që, duke krijuar tension, paralajmërojnë temën pasionante, e cila më pas shfaqet te instrumentet me harqe. Temën dytësore e sjell pianoja dhe mendimi lirik zhvillohet fuqishëm, për t'u qetësuar sërish. Tema kryesore rikthehet në fund si një marsh plot hov, ndërsa orkestra e shoqëron me karakter „rus".
Koha e dytë konsiderohet një elegji pasionante tipike e Rahmaninovit. Fillon me një varg akordesh të ngadalta te instrumentet me harqe, ndërsa më pas hyn pianoja, duke luajtur një motiv nga „Romanca" e veprës „Dy pjesë për gjashtë duar". Temën kryesore e sjell flauti, përpara se ajo të zhvillohet te klarineta. Këtu gjendet një pasazh mbresëlënës për solistin.
Finalja rrezaton forcë të plotë dhe vrull, me një temë të zjarrtë e lozonjare që kalon nëpër shndërrime të ndryshme, së cilës i bashkohet një temë e dytë lirike që çon drejt një përfundimi të mirëfilltë himnik. Koncerti i Dytë për Piano i Rahmaninovit, në fakt, shquhet për një pasuri idesh muzikore që meditojnë rreth një baze melodike, diçka që do të jetë e pranishme edhe në simfonitë e tij.

Simfonia nr. 4 në mi bemol maxhor, WAB 104 („Romantike")
ANTON BRUKNER
(4 shtator 1824, Ansfelden, Austri – 11 tetor 1896, Vjenë, Austri)
Premiera: Versioni i viteve 1878/1880, me një skerco dhe një finale të re, pati premierën në Vjenë më 20 shkurt 1881, me Filarmoninë e Vjenës, nën drejtimin e Hans Richterit.
Simfonia nr. 4 në mi bemol maxhor,

WAB 104, e Anton Bruknerit, e njohur me emrin „Romantike", është një nga veprat e tij simfonike më të njohura dhe më të interpretuara. E kompozuar në vitin 1874, simfonia pësoi gjatë viteve në vijim rishikime të shumta dhe thelbësore, që rezultuan në disa versione të ndryshme të autorit. Versioni i vitit 1874, versioni i parë i plotë i veprës, nuk u interpretua asnjëherë gjatë jetës së Bruknerit.
Emërtimi „Romantike" vjen nga vetë Brukneri. Ai e lidhte simfoninë me poetikën e romantizmit dhe, në dëshmi të mëvonshme, dha edhe asociacione konkrete programatike për kohët e saj: zgjimi i ditës dhe thirrja e kornos në kohën e parë, kënga dhe lutja në të dytën, gjuetia në të tretën dhe përmbyllja muzikore e tërësisë në finale. Prandaj, „romantizmi" i veprës nuk duhet kuptuar si një rrëfim programatik i përcaktuar, por si një tërësi asociacionesh poetike dhe tingullore, të cilat vetë Brukneri i përdorte për të përshkruar botën e tij muzikore.
Brukneri e nisi punën për simfoninë më 2 janar 1874 dhe e përfundoi versionin e parë më 22 nëntor të po atij viti. Ajo fillimisht kishte katër kohë, por koha e tretë ishte e ndryshme nga e njohura „skerco e gjuetisë", e cila sot lidhet më shpesh me këtë vepër. Pas përpjekjeve të pasuksesshme për të siguruar një interpretim të saj, Brukneri ndërmori në vitin 1878 një rishikim rrënjësor. I ripunoi dy kohët e para, e zëvendësoi skercen origjinale me një „skerco të gjuetisë" të re (Jagd-Scherzo), ndërsa finalen fillestare e zëvendësoi me një finale të re me titull „Volksfest" („Festë popullore").
Por as ky version nuk ishte përfundimtar. Nga fundi i vitit 1879 deri në qershor të vitit 1880, Brukneri kompozoi një finale të re, duke krijuar kështu versionin e viteve 1878/1880. Finalja e re zëvendësoi finalen „Volksfest" dhe, megjithëse mbështetet në materialin tematik të versionit të mëparshëm, përfaqëson një formësim të ri kompozicional. Pikërisht ky version u interpretua në premierën e Vjenës, më 20 shkurt 1881.
Megjithatë, historia e veprës nuk përfundon me premierën. Brukneri vazhdoi të ndërhynte në partiturë edhe pas interpretimit të parë, ndërsa më vonë përgatiti edhe versionin e vitit 1888, të destinuar për botim. Prandaj, kur flitet për „Simfoninë e Katërt", duhet pasur parasysh se nuk ekziston vetëm një variant i partiturës së autorit. Në praktikën bashkëkohore të interpretimit të Bruknerit dallohen veçanërisht versionet e viteve 1874, 1878/1880, 1881, 1886 dhe 1888, si dhe botimet e ndryshme të mbështetura në to.

Koha e parë hapet me sinjalin e famshëm të kornos, të vendosur mbi një fakturë të qetë e drithëruese të instrumenteve me harqe. Ky fillim është një nga momentet më karakteristike të krijimtarisë simfonike të Bruknerit dhe vetë kompozitori më vonë e lidhte me lajmërimin e ditës. Nga sinjali fillestar zhvillohet gradualisht struktura e gjerë simfonike, në të cilën materiali tematik shfaqet në tërësi të profilizuara qartë dhe i nënshtrohet grumbullimit dhe transformimit gradual.

Mendimi simfonik i Bruknerit karakterizohet nga hapësira të gjera formale dhe nga një mënyrë e veçantë ndërtimi, përmes rritjes graduale të energjisë tingullore dhe tematike. Në vend të përpunimit të vazhdueshëm polifonik të temave apo ndërthurjes së pandërprerë të motiveve, karakteristike për Brahmsin, Brukneri shpesh e ndërton muzikën përmes vendosjes së blloqeve tematike, rishfaqjes, zgjerimit dhe lidhjes së tyre në kulminacion. Forma zhvillohet përmes grumbullimit gradual të tensionit, ndërsa tingëllimi orkestral shërben për t'u dhënë përmasa monumentale këtyre proceseve formale.

Koha e dytë, Andante quasi allegretto, është në do minor dhe ka karakter elegjiak e serioz. Atmosfera e saj muzikore mund të lidhet me lutjen, këngën dhe serenatën, siç sugjeronte vetë Brukneri në shënimet e tij të mëvonshme programatike. Kjo kohë lëviz mes pasazheve intime e lirike dhe ngritjeve më të gjera drejt kulminacionit, ndërsa dramaturgjia e saj mbështetet më shumë në thellimin gradual të shprehjes sesa në kontraste të befasishme.

Koha e tretë në versionin e viteve 1878/1880 është e famshmja „skerco e gjuetisë" (Jagd-Scherzo). Me rolin e theksuar të kornove dhe karakterin ritmik të thirrjes së gjuetisë, ajo përfaqëson një nga shembujt më të qartë të stilizimit zhanror dhe tingullor në krijimtarinë simfonike të Bruknerit. Trioja sjell një atmosferë kontrastuese, më intime dhe fshatare. Brukneri më vonë e lidhte me pamjen e një gostie gjuetarësh në pyll, duke i dhënë kështu edhe një asociacion konkret programatik.

Finalja në versionin e vitit 1880 përfaqëson pikën kulmore të procesit simfonik. Megjithëse përdor një pjesë të materialit tematik të lidhur me versionin e mëparshëm, Brukneri e riformëson atë në një tërësi të re dramaturgjike dhe formale. Ashtu si në kohën e parë, zhvillimi i saj mbështetet në rritjen graduale të energjisë tingullore dhe në rikthimin e transformimin e materialit tematik të paraqitur më herët. Në kulminacionin përfundimtar rikthehet edhe bota fillestare e kornos, duke krijuar një lidhje të fuqishme ciklike mes fillimit dhe fundit të simfonisë.

Përfytyrimi programatik i Bruknerit rreth veprës është veçanërisht i rëndësishëm për të kuptuar nocionin e tij të „romantikes". Në një letër drejtuar dirigjentit Hermann Levi në vitin 1884, kompozitori e përshkruan kohën e parë përmes pamjes së zgjimit të mëngjesit dhe kornos që lajmëron ditën, të dytën si këngë, të tretën si trio gjuetie, ndërsa mbarë botën e veprës e popullon me pamje nga natyra dhe jeta e përditshme. Në një letër të mëvonshme drejtuar shkrimtarit Paul Heyse, ai e lidh sërish kohën e parë me thirrjen e mëngjesit të kornos, të dytën me këngën, lutjen dhe serenatën, ndërsa të tretën me gjuetinë dhe muzikën e gjuetarëve në pyll.

Megjithatë, këto asociacione programatike nuk përfaqësojnë një „rrëfim" të hollësishëm ose detyrues, të cilin muzika duhet ta ndjekë fjalë për fjalë. Ato janë, para së gjithash, shpjegime poetike të botës tingullore dhe emocionale të simfonisë. Prandaj, „Romantike" është një emër i përshtatshëm për një vepër në të cilën natyra, gjuetia, peizazhi mesjetar dhe atmosfera shpirtërore shndërrohen në një formë simfonike abstrakte monumentale.

Simfonia e Katërt sot zë një vend qendror në opusin simfonik të Bruknerit. Historia e ripunimeve të saj të shumta dëshmon njëkohësisht për vetëkritikën e vazhdueshme të kompozitorit dhe për çështjen e ndërlikuar të versionit autorial në traditën e interpretimit dhe botimit të veprave të tij.

Tekstet:
Tina Ivanova, muzikologe

PROGRAMI I ARDHSHËM:
26.11.2026
ZARATUSTRA
Dirigjent:
Conrad van Alphen (Holandë)
Soliste:
Matilda Lloyd, trumpetë (Britani e Madhe)
Programi:
A. Arutjunian: Koncert për trumpetë dhe orkestër në la bemol maxhor
R. Shtraus: Poema simfonike „Kështu foli Zaratustra", op. 30